Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 119/0306
18.03.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 март 2020 година, врз основа на примена жалба од Кабинетот на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, Никола Димитров, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Експрес.мк, со текстот насловен „Посебниот случај на Никола Димитров“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 3 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 25 февруари 2020 година, Кабинетот на министерот за надворешни работи на Република Северна Македонија, Никола Димитров, поднесе жалба за текстот со наслов „Посебниот случај на Никола Димитров“, објавен на 19 февруари 2020 година, на интернет – порталот „Експрес.мк“ (www.expres.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи мешање на факти и мислење, вест и коментар, неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

Од Кабинетот на министерот Димитров, во прилог на жалбата, доставија и демант кој го испратиле до „Експрес.мк“, во кој министерот ги отфрла информациите на медиумот како целосно неточни и објавени без да биде побаран за став.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Експрес.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори дека реакцијата на министерот била објавена на 21 февруари, а дека оспорениот текст бил повлечен во согласност со барањето на министерот Димитров.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА**. Комисијата едногласно одлучи дека во текстот се прекршени членовите 1 и 3, а со мнозинство гласови и членот 13 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информација“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата на 12 март 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека текстот произлегува од јавниот интерес и дека државните функционери, во случајов, министерот за надворешни работи, Никола Димитров, е легитимна новинарска цел и не смее да биде изземен од теми за кои јавноста има право да биде информирана. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека интернет – порталот „Експрес", не обезбедил потполна и целосно објективна информација. Медиумот содржината ја заснова на „Фејсбук" статус на поранешна министерка, која изразува критички став кон работата на Димитров. Во исто време, порталот пласира непроверена информација дека министерот никогаш не повикал на истрага за случај со фалсификат на документ, со кој шефот на дипломатијата наводно си поднел оставка по референдумот.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка е нагласена во следната реченица:

***„Веста за повлекувањето на Димитров по референдумот за името објави медиум близок на СДСМ кој се повикува на документ кој никогаш не беше вештачен, ниту Димитров повика на истрага за наводниот фалсификат".***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата заклучи дека во воведниот дел од оспорената содржина авторот, кој не е потпишан на текстот, се јавува во улога на коментатор и не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Во овој контекст, членовите на Комисијата најдоа дека текстот отстапува и од **членот 13** од Кодексот на новинарите, чие прекршување е забележливо во првата реченица од текстот:
***„Откако шефот на дипломатијата Никола Димитров се обиде да ја релативизира лажната вест на медиумите на СДСМ дека колегата Наќе Чулев ќе си даде оставка доби потврда дека тој е посебен случај".***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во продолжение, Комисијата утврди и дека интернет-порталот „Експрес“ го објавил и демантот испратен од министерот Димитров. Но, во исто време, констатираше и дека медиумот, веројатно, воочувајќи ги пропустите во содржината, во меѓувреме, го отстранил и текстот од веб – страницата, без тоа воопшто да го наведе. На овој начин, порталот лесно може да ги доведе во заблуда читателите, односно, да прочитаат демант на текст кој официјално не постои.

Оттука, Комисијата заклучи дека интернет-порталот „Експрес.мк“ го прекршил и **членот 3** од Кодексот на новинарите, во делот дека генерално треба да се избегнува повлекување на еднаш објавениот материјал на интернет, а доколку тој се измени или тргне тоа мора да биде јасно назначено.

Комисијата, на крајот, ја зеде предвид и, во оваа прилика, ја поздравува подготвеноста на медиумите да се коригираат и да објават исправка или демант, кога ќе се утврди пропуст во содржината. На тој начин, новинарот го штити сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Ескпрес.мк“ (www.expres.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595